Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11)„ како и врз основа на член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14 и 116/14) министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по ликовно образование за IX одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта.

АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН СЛУХ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

IX одделение

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, август 2015

# Вовед

Предметот ликовно образование преставува составен дел од концептот за деветгодишнообразование. Се изучува како задолжителен предмет во третиот период од основното образование од VII до IX одделение со по 1 (еден) час неделно, односно 36 часа годишно.

Ликовното образование нуди можност застекнување трајни и употребливи знаења и вештини за ликовно изразување. Тоа им помага на учениците да го спознаат светот и да се интегрираат во него.

Преку наставата по ликовно образование се поттикнува психомоторниот, емотивниот и интелектуалниот развој на учениците, се развива и нивната фантазија и чувство за естетско проценување. Ученикот/ката учи да набљудува, да ги спознава уметничките вредности и да воспоставува врска со уметноста којаќе биде присутна во текот на целиот негов/нејзин живот.

Ликовното образование се темели на процесот на истражување и творењето. Тоа ги уважува и ги следи развојните фази на учениците занивното ликовно изразување и творење. Од наставникот бара креативени флексибилен пристап во реализацијата на наставата според интересот и способностите на учениците.

Предложените активности и методи во наставната програма овозможуваат интеграција на содржините на програмата поликовно образование со содржините на програмите по другите задолжителни изборни програми.

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:
- да го надградува творечкото мислење и ликовно – практичната работа согласно индивидуалните особености, сензибилтетот и интересот за одреден актуелен проблем;
- да ги проширува знаењата за ликовните елементи и принципи и свесно да ги користи во создавањето на индивидуални ликовни дела;
- да ги трансформира своите перцепции од природата, појавите, предметите и чувствата во ликовен израз со индивидуален пристап;
- да ги развива способностите за забележување и изразување на визуелните сензации преку аналитичко размислување;
- да ги разбира ликовните елементи како изразни средства за креативно изразување;
- да ги продлабочува веќе стекнатите сознанија за ликовните техники и да усвојува нови сознанија и постапки во нивната примена;
- да избира ликовни материјали и техники со кои ќе создаде карактеристичен, индивидуален ликовен израз;

- да се поттикнува за истражување на современите тенденции во уметноста;
- да разликува репрезентативен од апстрактен ликовен израз;
- да се оспособува креативно да ги реализира своите идеи, ставови и емоции создавајќи фигуративни и нефигуративни (апстрактни) композиции;
- да ги применува стекнатите естетски вредности во сопственото секојдневно живеење и работа;
- да ги препознава улогата на дизајнот и визуелните комуникации и основите на архитектурата и урбанизмот;
- да се поттикнува да воочи карактеристиките на ликовниот јазик, мотив, ликовна техника и друго во делата на познати автори;
- да препознава и користи визуелна метафорика: симбол, знак, асоцијација, алегорија, персонификација и друго;
- да ги применува своите способности и знаења во чувањето на природата и ликовното обликување на непосредната околина во која живее;
- да умее да организира творечки процес и да формира култура на работа;
- да се поттикнува да анализира ликовни дела од познати уметници со нивните стилски, историски и индивидуални арактеристики;
- да учествува со свои ликовни творби на ученички ликовни изложби и манифестации и активно да ги следи другите активности од обласга на културата;
- да се поттикнува да го негува и чува своето национално и да се запознава со светското културно-историско наследство;
- да се оспособи да ги открива своите ликовни, креативни, иновативни, мануелни и други способности во функција на изборот на својата идна професија;
- да го надградува творечкото размислување и ликовно- практичното изразување согласно индивидуалните способности и сензибилитетот за развивање на самостојност и претприемачки дух;
- да се поттикнува да учествува во организирање на комерцијални ученички ликовни изложби и манифестации за создавање на бренд, свесност за постоење на пазарот;
- да ги развива способностите за иновации и претприемништво преку креативно ликовно изразување;
- да се оспособи да ги применува стекнатите ликовни вештини за иновативно размислување и негување на претприемачки дух во понатамошното образование.

**2**. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Цртање (ориентационо 8 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да употребува линии со различен карактер кои соодветствуваат со индивидуалнот карактер на ученикот и потребите за ликовен израз;<br>-да избира цртачки материјали кои најдобро одговараат на индивидуалниот ликовен израз;<br>- да ги развива способностите за забележување и изразување со споредување на визуелните сензации во цртеж;<br>-да ги продлабочува и употребува сознанијата за перспективата (линеарна перспектива со две збирни точки, жабја и птичја перспектива);<br>-да ја изразува пластичноста (тродимензионалноста) на облиците со степенување на тоновите;<br>-да создава композиција чија ликовна структура дејствува единствено, со индивидуални карактеристики, ликовно естетски издржан и сугестивен израз<br>- да ги истражува можностите за изразување со физичка интервенција врз колажиран цртеж со различни постапки;<br>-да препознава и анализира цртеж како ликовно дело и да разликува линеарен од тонски цртеж, репрезентативен од апстрактен цртеж. | Ликовен јазик<br>-Индивидуалност во ликовниот израз<br>-Ликовни материјали и техники<br>-Видови перспектива | - Мека (топла) линија<br>- Студија на пропорции<br>- Жабја перспектива<br>- Птичја перспектива<br>Матерјализација<br>Нетипични цртачки постапки | -Изработува цртеж со индивидуални карактеристики.<br>-Создава цртеж употребувајќи линии со различен карактер (меки(топла), остри, куси, долги, испрекинати…).<br>- Изработува цртеж во различни цртачки техники (молив, туш, јаглен, бајц…) кои одговараат на различните индивидуални потреби,<br>- Создава студија на големини (пропорции) користејќи ја постапката на визирање.<br>- Создава цртеж со линеарна перспектива (перспектива со една и со две збирни точки).<br>- Набљудува, анализира и ги презентира согледувањата, од односите на п лавирање, сенчање, шрафирање, бришење…).<br>-Избира линии со слични карактеристики (насока, дебелина, должина, интензитет…) и ги користи така што цртежот делува единствено и сугестивно.<br>-Експериментира и користи нетипични цртачки постапки (превиткување, засекување, откинување, перфорирање, аплицирање, отиснување…) за да создаде апстрактна, линеарна |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ги развива способностите за креативно и иновативно ликовно изразување- цртање за нов современ комерцијален производ; | | | композиција.<br>-Црта нов современ комерцијален производ (хибриден автомобил, мобилен телефон, шише за вино, еко амбалажа, велосипед...); |

| Сликање (ориентационо 10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>-да го разбере значењето на поимите моделација и модулација и соодветно да ги применува во својот ликовен израз;<br>-да формира колористичка хармонија или контраст прикажувајќи ги сопствените чувства или доживувања;<br>-да постигне единство во ликовниот израз користејќи доминант со акцент со различни ликовни елементи (боја, форма, големина…) при создавање на репрезентативна или апстрактна композиција;<br>-да се запознае и свесно да ги користи различните видови на композиција;<br>-да комбинира свесно различни видови на контрасти користејќи несликарски материјали и постапки;<br>- да компонира ликовни елементи создавајќи статична или динамична композиција која делува со своето единство;<br>- да препознава и да ги разликува особеностите на класичните сликарски постапки- галериска слика,<br>мозаик, витраж, фреска; | -Сугерирање на третата димензија<br><br>-Колористичка композиција<br><br>-Виодови композиција | -Отворена, затвоена, полузатворена, кружна, пирамидална, дијагонална композиција<br>-Слика-објект<br>-Ликовен хепенинг | -Користи светло-темен контраст и топло-студен контраст за прикажување на формите и просторот.<br>-Користи хармонични бои во молски клуч при изразување на лирски чувства предизвикани од одредена музика, текст, филм, слика…<br>-Прикажува драмска атмосфера (вознемиреност, раздразнетост, гнев, потресеност, неизвесност…) со контраст на боја или светло-темно.<br>-Ликовните елементи ги организира во композиција (отворена, затворена, полузатворена, кружна, пирамидална, дијагонална…) која соодветствува на индивидуалните ликовни потреби.<br>-Создава слика користејќи не - сликарски материјали (отпадни материјали…) со помош на не - сликарски постапки (аплицира отпечатува, испреплетува…) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се упатува во современите ликовни тенденции и да ги усвои естетските вредности, како дел од секојдневното опкружување да воочува неочекувани ликовни решенија во својата околина и да се труди естетски да делува на сопствениот животен простор;<br>-да се запознае со влијанието на географските и историскиот контекст врз создавањето специфичен ликовен израз;<br>- да проценува и анализира ликовни дела откривајќи ја слоевитоста на делото (мотив, техника, композиција, креативност, стил…).<br>- да ги развива способностите за креативно и иновативно ликовно изразување- сликање за нов современ комерцијален производ; | | | напуштајќи ја водимензионалноста на сликата (слика-објект, ликовна интервенција, ликовен хепенинг…).<br>-Ги користи современите технички достигнувања во реализација на сопствените естетски идеи, умее да користи компјутер, фотоапарат или видеокамера.<br>-Открива и анализира необични ликовни решенија во својата околина и се труди естетски да ја обликува.<br>-Пронаоѓа слики карактеристични за одреден географски предел (кинеска, африканска уметност, уметност на Маите и Инките…)<br>-Слика нов современ комерцијален производ (хибриден автомобил, мобилен телефон, шише за вино, еко амбалажа, велосипед...); |

| Скулптура (ориентационо 6 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ ученичката:<br>-да го разбира односот идеја-материјал-техника;<br>- да согледува дека материјалот и техниката треба да бидат прилагодени на идејата;<br>- да стекнува сознание за улогата на тежината и бојата на метеријалот во скулптурата;<br>- да запознава видови патина и нејзината улога во скулптурата;<br>- да имплементира нови начини на | -Скулпторски средства и матерјали / конструирање / обликување (материјали и техники)<br><br>-Ликовни елементи и принципи во скулптурата (форма-волумен, | Простор<br><br>- Видеоарт<br><br>- Сувенир, релјеф | Компонирање форми со различна големина во компактна, кумулирана или дисперзирана композиција.<br>- Се покажуваат форми од различен материјал за да се доживее материјалот.<br>- Комбинирање и истражување со материјали со различна природа и особеност.<br>- Се демонстрира однос на два или повеќе различни материјали. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| комбинирање, разложување, редефинирање, како методи во твречката работа;<br>- да стекнува сознание за прошреното значење на поимот скулптура;<br>- да стекнува сознание за интервенција во просторот, инсталација и уметнички објект;<br>- да ја разбира употребата на современите технологии во скулптурата;<br>- да стекнува елементарни сознанија за користењето на современите медиуми во тродимензионалното изразување;<br>- стекнува елементарни сознанија за концептуални мисловни објекти и користењето на текст во скулпурата (уметноста).<br>- да ги развива способностите за креативно и иновативно ликовно изразување<br>- моделирање за нов современ комерцијален производ | рамнотежа, боја, простор, единство, композиција)<br><br>-Моделирање / - Конструирање Интервенција / Инсталација –<br><br>Естетско проценување на дела од скулптурата /Ученички творби - израз.<br>- Моделира нов современ комерцијален производ (хибриден автомобил, мобилен телефон | | - Формирање ликовен објект со креативен пристап на комбинирање на сликарски и скулпторски постапки.<br>- Демонстрирање примери со нагласена улога на бојата во скулпторското решение.<br>- Артикулирање инсталација користејќи ја линијата како примарна алатка или метод.<br>- Прикажување примери на слика и скулптура како една целина.<br>- Анализирање ликовен објект, интервенција или инсталација.<br>- Во училницата се демонстрира можна ликовна интервенција или инсталација.<br>- Учествува во креирање на амбиентално скулпторско решение во интериерот или екстериерот на училиштето.<br>- Користење на различни медиуми и техники во формирање на мултимедијален шише за вино...);<br>- Индивидуално моделирање на македонски сувенир (релјеф со мотив од: Скопје,Охрид..., сакрални објекти, археолошки објекти...) за комерцијална намена-туризам. |

| Графика (ориентационо 6 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да ги препознава карактеристиките на | -Особености на | - Графичка плоча матрица, | - Разликување ликовни подрачја и објаснуваување на арактеристиките. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| графичкиот израз – ликовно подрачје;<br>- да го разбере значењето и свесно да користи идејни решенија – скици за реализација на графика во различен материјал и техника;<br>-да умее да комбинира контрасти на линии и плоштини и текстура во графичкиот израз;<br>- да постигнува рамнотежа во графичкиот израз;<br>- да истражува, експериментира и твори во графички израз со користење на можностите на компјутерската технологија;<br>- да се запоанае со процесот на изработка и печатење на графички листови;<br>- да истражува, препознава и споредува различни графички техники (за нивните технички карактеристики и естетски вредности) во делата на познати светски и домошни уметници;<br>- да се запознава со новите тенденции во графичкиот израз и печатање (инк жет, плоттер, катер, сув и воден печат, позлата);<br>- да се запознае со процесот на опремување и организирање на графички листови во изложбен простор. | графичкиот израз<br><br>-Контраст на линии и плоштини<br><br>-Контраст на текстури<br><br>-Рамнотежа во графиката<br><br>-Иновации во графичкиот израз – компјутерска графика | графички лист<br><br>- Рамен печат, висок печат, длабок печат<br><br>- Контраст, текстура, материјализација –светлосна градација | - Демонстрирање и објаснување примери на разни графички техники: литографија, сито печат; батик и др. техники во рамен печат.<br>- Подготвува клише – плоча за печатење графика и отпечатува графички лист комбинирана техника.<br>- Користење длабок печат, сува игла со длабење (гребење) на алуминиумска (рендгент филм) плоча.<br>- Експериментирање со различни ликовни елементи за добивање графичка рамнотежа.<br>- Создавање варијанти на иста графика користејќи едноставни цртачки (компјутерски) програми.<br>- Посета на графички ателјеа, работилници и печатници и демонстрирање на подготовка и отпечатување на графички лист во комбинирани техники.<br>- Анализирање и коментирање за стилските, техничките и ликовните карактеристики на дела од познати графичари од различни временски периоди.<br>- Се демонстрира како се опремува графички лист и се прикажуваат квалитетно опремени графички листови. Аранжирање графичка изложба. |

| Дизајн и визуелни комуникации (ориентационо 6 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да ја воочува улогата на украс-декорацијата и да разликува видови декорации со елементи од флората, фауната, геометријата;<br>- да се запознава со калиграфијата и употребата на вињетата во декорирањето на различни текстови;<br>- да се запознае со историскиот развој на креирање облека за одредена пригода;<br>-да се запознае со естетскиот и технолошкиот развој на одреден индустриски производ;<br>- да се запозне со значењето на визуелните медиуми во комуникацијата и да ги препознава различните видови на визуелни медиуми;<br>- да ги развива способностите за креативно изразување со фотографија и да ја разбере нејзината употреба во графичкиот дизајн;<br>- да експериментира со компјутерски програми за добивање визуелни ефекти и анимација;<br>-да се запознае со особеностите и можностите за креативно изразување во видеоартот;<br>- да препознава разни уметнички занаети и дела од народното творештво и современиот живот;<br>- да ги развива способностите за креативно и иновативно дизајнерско | -Декорацијата во функција на дизајнот<br><br>-Индустриски дизајн<br><br>-Графички дизајн<br><br>-Компјутерска графика<br><br>-Уметнички занаети<br><br>-Комерцијален производ<br><br>-Амбалажа за македонски производ<br><br>-Иновативност, креативност, претпримништво, конкурентност, самостојност, бизнис. | Украс – декорација, розета<br>вињета<br>арабеска<br>-Костимографија (повторување)<br>модно креирање<br>-Графички, Индустриски дизајн<br>-Реклама<br>-Спот<br>-Билборд<br>-Видеоклип<br>-Амбалажа<br>-Фотографија<br>-Плакат<br>Стрип<br>-Анимиран филм<br>-Видеоарт<br>-Златар, кујунџија, плетеница, вез, ткаење-ткаенина, македонски филигран.<br>-Лого<br>-Комерцијален производ<br>-Амбалажа<br>-Сувенир<br>-Цена на ликовно дело | - Препознавање и коментирање видови декорации (орнамент, розета, фриз, арабеска…) и изработување декорација по сопствен избор.<br>-Осмислување и изработување декорација за текст (вињета) и разновидни фонтови (изработка на иницијали, лого, графит).<br>- Разгледување, воочување и изработување нацрт скица за облека за одредена пригода (модно креирање, костимографија, работна облека…), (сувенир кукла во македонска народна носија).<br>- Разгледување дизајн на видови индустриски производи од различни временски периоди и изработување скици на еден производ.<br>- Изработување дизајн на индустриски предмет (телефон, телевизор, автомобил, моторцикл...).<br>- Разгледување различни видови визуелни медиуми (реклама, спот, видео клип, билборд, амбалажа, плакат и реклама, графит) со хуманирна, политичка и културна содржина и ги коментира симболиката и значењето на знакот, бојата и др. ликовни лементи врз гледачот.<br>- Обработка на фотографија со помош на компјутер и да ја употреби како апликација во рекламна цел.<br>- Изработување едноставен стрип - цртеж или анимиран филм со |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ликовно изразување за нов современ комерцијален производ и да ја разбере неговата употреба во современиот и секојдневниот живот;<br>- да експериментира со компјутерски програми за развивање иновативност и креативност во дизајњирањето;<br>-да развива дизајнерски способности за бизнис, претпримништво, конкурентност, самостојност... | | | компјутер.<br>- Изработување, снимање и монтирање кратки видеоматеријали на теми соодветни на возраста;<br>- Разгледување дела од различни видови на уметнички занаети од народното творештво и коментирање за нивната естетска и утилитарна функција;<br>- (домашна задача) Самостојно иновирање и дизајнирање на македонски филигран;<br>- Дизајнира нов современ комерцијален производ (хибриден автомобил, мобилен телефон, шише за вино, велосипед...);<br>- (истражувачка активност) Компјутерско осмислување и изработување на дизајн за модерна амбалажа за македонски производи за извоз за широка потрошувачка;<br>- Отварање на изложба (за индустријата, претставништва, фирми, бизнисмени на државно или локално ниво) за нови комерцијални, индустриски креативни и иновирани дизајнирани производи;<br>- Наставникот дава за домашна истражувачка активност, зошто различни уметнички дела (слики, скулптури, графики, дизајни и др.) имаат различни цени и се дискутира на час. |

IX одд. - автори и дела:
Ученикот/ученичката се запознава со тројца автори од наведената листа (по избор на наставникот):
Цртање - IX одд. (ориентационо 6 часа):
Андреа Мантења, Албрехт Дирер, Адолф Менцел, Леонардо да Винчи, Питер Бројгел, Едгар Дега, Тулуз Лотрек, Анри Матис, Пабло Пикасо, Ван Гог, Георг Грос, Ханс Хартунг, Пол Кле, Раул Дифи, Дејвид Хокни, Никола Мартиновски, Борко Лазески, Ордан Петлески, Стефан Маневски, Танас Луловски, Ристо Калчевски, Иван Велков, Васко Ташковски….
Сликање - IX одд. (ориентационо 8 часа):
Густав Курбе, Едгар Дега, Ежен Делакроа, Едуард Мане, Пол Гоген, Ван Гог, Анри Матис, Емил Нолде, Кандински, Салвадор Дали, Хуан Миро, Пол Кле, Мондријан, Марк Шагал, Виктор Вазарели, Џексон Полок, Кристо, примери на витражи од готскиот период, Никола Мартиновски, Петар Мазев, Танас Луловски, Димитар Кондовски, Спасе Куновски, Томо Шијак, Славчо Соколовски, Жанета Вангели, Јован Шумковски, Симон Шемов, примери на мозаици од Стоби, Хераклеја, Плаошник…, примери од кинеска, африканска уметност, уметност на Маите и Инките…
Скулптура - IX одд. (ориентационо 8 часа):
Петар Хаџибошков, Стефан Маневски, Томо Шијак, Петре Николовски, Глигор Стефанов, Станко Павлески, Беди Ибрахим,Исмет Рамиќевиќ Константин Бранкуси, Умберто Бочиони, Даниел Споери, Фернандез Арман, Енрико Баи, Марсел Дишан, Николас Шефер, Едуардо Паулоци, Доналд Џад, Бари Фланаган, Душан Џамоња, Демиен Хирст, Тони Крег, Џеф Кунс, Маурицио Кателан.
Графика - IX одд. (ориентационо 6 часа):
Франциско Гоја, Пабло Пикасо, Лотрек, Едвард Мунк, Енди Ворхол, Антонио Тапи , Роберт Раушенберг, Нори Сампсонг, Драгутин Аврамовски- Гуте, Ристо Калчевски, Симон Шемов, Димитар Малиданов, Славица Јанашлиева.
Дизајн и визуелни комуникации - IX одд. (ориентационо 8 часа):
Примери на декорации од готски објекти, византиски или муслимански верски објекти, илуминирани текстови, Жан Пол Готје, Коко Шанел, Армани, Хуго Бос, Вивиен Вествуд, примери на дизајн од Нокиа, Сименс, Сони, Рено, Цитроен…, Волт Дизни,чак Џонс, руски анимирани филмови, Енди Вофрхол, Ман Реј, Ричард Хамилтон, Костадин Танчев- Динка, Благоја Дрнков, Александар Цветковски, Ладислав Цветковски.

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните содржини по предметот ликовно образование даваат можност за интегрирано целно и содржинско поврзување со останатите наставни предмети. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.

Во време кога е огромна застапеноста на визуелни информации со различни вредности во секојдневниот живот, ликовното образование треба да понуди наставни содржини и нагледни средства кои овозможуваат стекнување на знаења, способности и компетенции во ликовното изразување. Предложениот список на автори во секое ликовно подрачје претставува насока за избор на квалитетни примери кои наставникот треба да ги користи во наставниот процес.

При обраќањето на учениците со оштетен слух важно е да се избегнува вртење со грб кон учениците. Посебно за оние ученици кои се потпираат на читање од уста. Како метод на комуникација потребно е да се применува тоталната

метода на комуникација, што ќе даде соодветно место на користење на знаковниот јазик . На тој начин усвоените нови поими ќе претставуват надоградување и проширување на веќе стекнатите поими. Интерпретацијата и описите од страна на учениците неопходно е да бидат поттикнувани од страна на наставникот на начин кој одговара на индивидуалните карактеристики на ученикот.

Учениците со оштетен слух преку оваа наставна програма треба се поттикнат да размислуваат за својата идна професија и да ги развиваат ликовните способности за креативност, иновативност и претпримништво.

Користењето на примери на авторски дела од историјата на ликовната уметност и современото ликовно творештво е неопходна во реализацијата на секоја наставна содржина во сите ликовни подрачја. Изборот на примери што ќе се користат при реализирањето на наставните содржини го определува наставникиот (согласно препораките да не бидат оптоварени учениците, за секоја тема да се запознаат со тројца автори).

Годишен фонд на часови:

| | ТЕМИ | Број на часови |
|---|---|---|
| 1. | Цртање | 6 часа |
| 2. | Сликање | 8 часа |
| 3. | Скулптура | 8 часа |
| 4. | Графика | 6 часа |
| 5. | Дизајн и визуелни комуникации | 8 часа |
| Вкупно: | | 36 часа |

- *Забелешка: Бројот на часовите е даден ориентационо.*

НАПОМЕНА ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Во наставната програма е дадено ориентационо планирање на наставните часови по наставни теми и целини. Сепак, наставниот кадар треба самостојно да го планира часовниот фонд за целосно и успешно реализирање на поставените цели од програмата.

Составот на учениците во паралелките во посебните училишта и во посебните паралелки при редовните основни училишта е изразито хетероген заради што наставникот треба да практикува строго диференциран и индивидуализира пристап во рамките на реализацијата на наставата. Ваквиот приод е во функција на индивидуалните специфични потреби што секако ќе резултира со развивање на индивидуалните потенцијали и максимални академски постигнувања на учениците со оштетен слух.

Во контекст на ова наставниците кои ја реализираат наставата треба да;

- да се обидат при изготвувањето на планирањето да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка (доколку индивидуалните карактеристики, можности и способности на учениците во паралелката го дозволува тоа)
- За учениците чиј степен и попреченост не дозволува следење на планираните цели, содржини и активности , наставникот треба да планира парцијална партиципација во рамките на целите, содржините и активностите кои се реализираат во паралелката.
- доколку видот и степенот на попреченост е многу сериозен наставникот пристапува кон изготвување на интерен индивидуален образовен план во рамките на адаптираните наставни програми (при изготвувањето на ИОП наставникот може да користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години). Кога наставникот во ИОП користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години, треба да ги наведе одделението, содржините како и целта на нивното повторно обработување.

**Наставни средства:**

• разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
• дидактички средства и материјали;
• визуелни средства (предмети од непосредната околина, репродукции, детски творби, апликации и сл.);
• слајдови, сликовници, списанија и сл.;
• аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД-плеер, видеоплеер, дигитален фотоапарат, дигитална камера, мобилен телефон, компјутер и други средства зависно од предметот).
• Интернет, образовни софтвери.

**4. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ НА КРАЈОТ ОД ЦИКЛУСОТ VII-IX ОДДЕЛЕНИЕ:**

Ученикот/ученичката умее да:
- во ликовниот израз свесно користи линии со различен интензитет, насоки и густини;
- користи цртеж како скица и како самостоен ликовен израз;
- разликува реален од илузија на процтор;
- умее со помош на ликовни елементи да претстави илузија на тродимензионален процтор;
- креативно компонира плоштини со различна текстура, тонска вредност;
- гради композиција со компонирање на линии, текстури, тонски вредности и големини;
- изразува ритам и контраст на линии и облици;
- успешно користи повеќе цртачки материјали;
- ги применува стекнатите знаења за пропорциите и перспективата во својот цртеж;
- со сенчење да прикаже волумен;
- да разликува линеарен од тонски цртеж;
- визуелните и тактилните знаења ги трансформира во ликовна целина;
- разликува уметнички дела (цртежи) од различни историски периоди;
- се обидува да го препознава цртежот како самостоен ликовен израз и како скица во делата на познати уметници;
- во својот ликовен израз свесно ги користи сознанијата за колористичките и естетските вредности на природата;
- разликува визуелен простор и илузија на простор; - ги разбира поимите моделација и модулација во својот ликовен израз;
- разликува галериска слика, мозаик, витраж, фреска…;
- свесно меша бои и добива хроматски и ахроматски бои и тонови;
- трансформира хроматски во ахроматски композиции и обратно;
- користи градација на тон за да претстави илузија на процтор;
- забележува и применува во творењето симетрија и асиметрија;
- истражува и користи разновидни сликарски фактури и текстури;
- користи разновидни сликарски техники и постапки за сликање;
- забележува доминација на ликовен елемент – боја во ликовно дело;
- подготвува скица за графика;
- самостојно печати монотипија во една или повеќе бои;
- умее да печати графика во висок печат; - изработува матрица за висок печат;
- ги препознава и разликува графичките техники (висок, длабок и рамен печат);
- користи линии со различен интензитет и густини за да прикаже текстура, тон;
- ги препознава и разликува техничките и ликовните квалитети на графики отпечатени во различна графичка техника;
- користи компјутер, скенер и печатач за изработка на дигитална графика.
- разликува минијатурна, галериска, скулптура во отворен процтор, монументална скулптура;
- свесно разликува и применува односи на големо-мало, текстури, ритам, единство;

- користи симетрија и асиметрија во скулптурата;
- разликува монолитна маса од целина од повеќе делови;
- ги забележува, препознава разликите помеѓу стабилна и мобилна скулптира;
- во творбата користи линија;
- во глина изработува релјеф и творба во полна пластика;
- компонира; големо-мало, плитко-длабоко, компактно, перфорирано, структуирано;
- изразува контраст на геометриските и аморфните форми;
- при творењето применува разни постапки;
- реализира творба од предмети кои ја загубиле својата првобитна функција;
- разликува релјеф, скулптура;
- ја сфаќа улогата на скулптурата во секојдневниот културен и социјален живот.
- го препознава значењето на единството на практичното и естетското во применетата уметност и дизајнот;
- стилизира форми од флората и фауната и создава орнаменти;
- прави нацрт за костим за театарска претстава;
- креира идејни решенија за плакат, лого за одредена пригода;
- создава ликовно-графичко решение за книга; - стрип - анимација - утилитарни производи - изработува скица или макета за сцена;
- фотографира при што свесно одбира кадар и зумира;
- го користи компјутерот за креирање идејни решенија;
- креира анимација во компјутерски софтвер;
- умее да изработува дизајн за модерна амбалажа за македонски производи за извоз за широка потрошувачка;
- дизајнира нов современ комерцијален производ;
- ги применува стекнатите знаења за отварање на изложба за нови комерцијални, индустриски дизајнирани производи;
- анализира и коментира, зошто различни уметнички дела имаат различни цени.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за ликовно творење, колективната соработка и сл. (формативно оценување).
Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.
• Оценување:
- опсервација на детето-ученик;
- степен на совладување на ликовните техники;
- индивидуални креативни способности;
- учество и изведба на ликовна творба;
- воочување и препознавање на разни предмети од непосредната околина и применување во ликовното

творештво;
- презентација на ликовните ученички творби;
- креативно изразување и творење во ликовните техники;
- препознавање на ликовните техники и материјали;
- активно учество во тимската работа и др.

Учениците се оценуваат со бројочани оценки.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по ликовно образование во IX одделение на осумгодишното основно образование, односно IX одделение на деветгодишното основно образование може да ја реализира лице кое завршило:

- факултет за ликовни уметности- педагошка насока, VII/1 т.е 240 кредити со дополнителна дефектолошка дообразба;
- факултет за ликовни уметности – друга ненаставна насока, VII/1 т.е 240 кредити, со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа со дополнителна дефектолошка дообразба
- филизофски факултет – Институт за дефектологија, диполмиран дефектолог;
- дефектолошки факултет, дипломиран дефектолог

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Адаптиранаta наставната програма по ликовно образование за IX одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта, врз основа на утврдената соодветна наставна програма за девтегодишно основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

Бр.12-15102/1

22.09.2015 година

Министер

_______________________________

Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор Зоран Мазновски, советник
Контролирал: Трајче Ѓорѓиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор